# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 12 | Петок, 29. 05. 2009 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица**:


Стр.

**234.** **Одлука** за утврдување на приоритети за уредување на патна инфраструктура во рурални подрачја ........................................ 2

**235.** **Одлука** за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во населено место Муртино ............... 3

**236.** **Заклучок** за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност во општина Струмица ... 4

**237.** Заклучок за усвојување на Физибилити студија за интегрално управување со отпад во регионот Струмица .......................................... 5

**238.** Заклучок за утврдување на Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица ........... 5


**Градоначалник на општина Струмица:**


**239.** **Решение** за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица ......... 6

**240.** **Решение** за организирање на јавна презентација по Нацрт Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица ......... 6

**241.** Решение за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета по Нацрт - Деталениот урбанистички .. план за блок 3 и 5 од град Струмица 7

**242.** **Решение** за определување заменик на градоначалникот на Општина Струмица ........................................... 8


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритети за уредување на патна инфраструктура во рурални подрачја

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритети за уредување на патна инфраструктура во рурални подрачја донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.05.2009 година.

Бр. 08-3172/2 Градоначалник
28.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**234.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица “ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на приоритети за уредување на патна инфраструктура во рурални подрачја**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат приоритетни проекти доставени од месните заедници на подрачјето на Општина Струмица и тоа:

- Уредување на патека на Габровски водопади со камени плочи;
- Тампонирање на пат од с. Градско Балдовци во насока на с.Куклиш;
- Тампонирање на пат од село Куклиш во насока на месноста “Жолта Тиња“;
- Пристапен пат до Прочистителна станица во с. Куклиш;
- Тампонирање на пат од клучка на Р604 во должина од 1 километар во насока на с. Три Води;
- Тампонирање на пат во с. Костурино од Амбулантата во насока на с. Злешево
- Пробивање и тампонирање на кружна улица до Манастирот во с. Вељуса;
- Тампонирање на пат од с. Добрејци до Индустриска зона Север;
- Тампонирање на спореден пат од с. Баница, во насока на с. Вељуса.

Член 2

Со утврдените приоритетни проекти ќе се аплицира на Јавниот оглас на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за добивање средства за нивна реализација

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општина Струмица“.

Бр.07-3172/1 Совет на општина Струмица
28.05.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во населено место Муртино

1. Се објавува Одлуката за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во населено место Муртино донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.05.2009 година.

Бр. 08-3173/2 Градоначалник
28.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

**235.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица “ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во населено место Муртино**

Член 1

Со оваа Одлука се означуваат условите и се утврдува режимот на сообраќај, согласно урбанистичкиот опфат на населено место Муртино и тоа:

- Почеток на населено место на стационажа 00+2400 метри од Регионален пат Р-608 и

- Завршеток на населено место на стацио-нажа 00+4400 м. од Регионален пат Р-608.

Член 2

Вертикална сигнализација на почетокот на Регионален пат Р-608 на стационажа 00 +2400 метри се регулира со:

-сообраќаен знак 3004 – назив на населено место Муртино,

- сообраќаен знак 274 – ограничување на брзината на 50км/час на дел од патот и

- сообраќаен знак 283 - забрана за запирање и паркирање.

На спротивната страна на стационажа 00+2400, сообраќајот се регулира со:

- сообраќаен знак 3005 - завршеток на населено место Муртино и

- сообраќаен знак 278 - престанок на ограничување на брзината 50 км/час.

Член 3

Вертикалната сигнализација на Регионалниот пат Р-608 на стационажа 00+4400 метри се регулира на следниот начин:

-сообраќаен знак 3005 - завршеток на населено место Муртино

-сообраќаен знак 278 - престанок на ограничување на брзината 50 км/час,

На спротивната страна на стационажа 00+4400, сообраќајот се регулира со:

-сообраќаен знак 3004 - назив на населено место Муртино,

- сообраќаен знак 274 – ограничување на брзината на 50 км/час и

- сообраќаен знак 283 - забрана за запирање и паркирање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-3173/1 Совет на општина Струмица
28.05.2009 год Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Струмица донесена на седницата на Советот наопштина Струмица, одржана на 28.05.2009 година.

Бр. 08-3175/2 Градоначалник
28.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**237.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл. весник на РМ“ 24/08) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица “ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Струмица**

1. Се усвојува на Програмата за енергетска ефикасност на општина Струмица

2. Овој Заклучок влегува во сила по денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.07-3175/1 Совет на општина Струмица
28.05.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Физибилити студија за интегрално управување со отпад во регионот Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Физибилити студија за

интегрално управување со отпад во регионот Струмица донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.05.2009 година.

Бр. 08-3176/2 Градоначалник
28.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**237.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл. весник на РМ“ 24/08) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица “ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Физибилити студија за интегрално управување со отпад во регионот Струмица**

1. Се усвојува Физибилити студија за интегрално управување со отпад во регионот Струмица

2. Овој Заклучок влегува во сила по денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.07-3176/1 Совет на општина Струмица
28.05.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица

1. Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.05.2009 година.

Бр.08-3174/2 Градоначалник
18.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................

**238.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл. весник на РМ“ 24/08) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица “ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица**

1. Се утврдува Нацрт – Детален урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица со граничен опфат и тоа:

- Од јужна страна – Просенички пат

- Од западна страна – Крива Река и дел од ул. „ Климент Охридски“

- Од северо источната страна – граница на урбаниот опфат на град Струмица

2. Нацрт - Деталниот урбанистички план блок 3 и 5 од град Струмица е изработен од Друштво за проектирање „ Визура “ Струмица и содржи:

-текстуален дел

-графички приказ.

3. Овој Заклучок влегува во сила по денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.07-3174/1 Совет на општина Струмица
28.05.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

**239.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ “ број 51/05 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл.гласник на општина Струмица” број 5/06) –пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица**

1. Се организира јавна анкета по Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица

2. Решението за организирање на јавната анкета ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Решението.

4. Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица Ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во”Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08- 3174/4 Градоначалник
29.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**240.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за организирање на јавна презентација по Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица**

1. Се организира јавна презентација по Нацрт - Деталенот

урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица со граничен опфат :

- Од јужна страна – Просенички пат

- Од западна страна – Крива Река и дел од ул. „ Климент Охридски“

- Од северо - источна страна – граница на урбаниот опфат на град Струмица

2. Решението за организирање на јавната презентација ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица”и средствата за јавно информирање

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 16.06.2009 година во 11,оо часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-3174/5 Градоначалник
29.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................

**241.**

Врз основа на член 24 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Деталениот урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица**

1. За членови во Комисијата за спроведување на јавната презентација и јавна акета по Нацрт - Деталниот

урбанистички план за блок 3 и 5 од град Струмица ги именувам:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи

- Александра Едровска – претставник на изготвувачот на Нацрт – планот;

- Александар Цицимов – дипломиран архитект надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната презентација на ден 16.06.2009 година во 11,оо часот во просториите на Дом на АРМ – Струмица, а јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Решенијата за организирање јавна анкета.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-3174/3 Градоначалник
29.05.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

............................

**242.**

Врз основа на член 52 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 43 став 1 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**

1. За заменик на Градоначалникот на општина Струмица во случај на спреченост го определувам Коста Јаневски член на Советот на општина Струмица.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-3130/1
27.05.2009 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.